Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 326//0306
25.07 20 25 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седница одржана на 24.07.2025 година, врз основа на примена жалба од **Здружение на граѓани за промоција, издавање, иницијативи и меѓународна соработка ДЕЛО** од Скопје ја донесе следнава:

## ОДЛУКА

## ЖАЛБАТА Е НЕОСНОВАНА

Текстот со наслов **„Де Гол остави завештание не само на Французите – имаме право на отпор!“,** објавен од интернет порталот – онлајн медиум Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 20.06.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето.

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

Жалителот до СЕММ на 15.07.2025 г., упати жалба за текстот со наслов „Де Гол остави завештание не само на Французите – имаме право на отпор!“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 20.06.2025 г., при што се жали на незастапена втора страна, непочитување на законите во државата, на говор на омраза и дискриминација и на непочитување на етничките, културните и религиозните различности во Македонија.

Во жалбата, меѓу другото, се наведува дека дел од содржината на текстот е неточна, при што се цитира кој дел и се наведува „дека никаде во ниту еден билатерален договор на помеѓу Република Македонија и другата страна не е наведено дека Македонија мора да го смени идентитетот за да стане член на некоја меѓународна организација или сојуз“.

Во жалбата на СЕММ му е доставена целата содржина во пдф формат (компјутерски скриншот од текстот и линкот од објавата), како и образложение на жалителот.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со востановената процедура (член 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби), по приемот на жалбата стапи во контакт со медиумот и побара да се изјасни по однос на наводите во жалбата.

Притоа, го потсети медиумот и на можноста случајот да се реши по пат на медијација, пред да биде разгледуван од членовите на Комисијата за жалби. На медиумот детално му беа појаснети наводите на жалителот и основите по кои смета дека е постапено непрофесионално при известувањето.

До СЕММ во предвидениот рок не беше доставен одговор од медиумот.

## МИСЛЕЊЕ НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби утврди дека текстот со наслов „Де Гол остави завештание не само на Французите –имаме право на отпор!“, објавен од интернет порталот – онлајн медиум Нова Македонија (novamakedonija.com.mk) на 20.06.2025 г., не отстапува од професионалните и етичките стандарди при известувањето, при што не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата ги разгледа фактите поврзани со случајот и утврди дека станува збор за текст кој по својата форма е колумна, која се однесува на прашањето на проширувањето на ЕУ и условите за Северна Македонија, што значи тема од јавен интерес.

Освен тоа, Комисијата во колумната не најде никаков елемент врз основа на кој евентуално би констатирала етички пропуст што се однесува на екстремен говор на омраза, дискриминација или друга слична содржина искажана од страна на новинарот кон припадници на некоја група. Ова е важно да се нагласи, затоа што колумната, ставот, анализата и други слични новинарски форми припаѓаат на посебниот новинарски жанр коментар, каде што се изразуваат лични мислења и погледи на новинарите или други поединци.

Согласно етичките правила во новинарството во најголем дел од демократските земји во светот, а согласно и Кодексот на новинарите на Македонија, новинарите имаат право на изразување на мислења и коментар во медиумите и тоа е запишано уште во воведниот дел, во принципите за однесување. Комисијата нема улога да се впушта во оценка на точноста на личните ставови на кој било автор доколку станува збор за колумна, мислење, став, анализа или коментар, освен доколку не постои екстремен говор на омраза, дискриминација или нетолеранција.

Од тука, Комисијата смета дека не е прекршен ниту еден член од Кодексот на новинарите на Македонија.

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата едногласно одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите: Снежана Трпевска, Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Тамара Чаусидис, Жана Божиновска и Димитар Мицев.

Со почит,

Совет за етика во медиумите
на Македонија

Претседателка на Комисијата за жалби
Снежана Трпевска

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595